НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 101, Дата: 10. 10. 2011.**

# БОГ Е ДОБАР

*„Знаеме дека се што се случува, Бог ќе го насочи така што да испадне за добро за оние што Го сакаат Бога и што се од Него повикани за свети цели.“* (Римјани 8:28)

Некои луѓе имаат потешкотии со тоа, да го прифатат Бог како личност. Други пак, не можат да прифатат дека Бог е добар, затоа што Тој не им дава се што ќе посакаат, или пак, затоа што поминуваат низ потешкотии и сметаат дека Бог не е фер кон нив.

Многу пати ние луѓето сметаме дека заслужуваме повеќе отколку што сме добиле од Бог. Вистината е дека ние сме добиле повеќе од Бог отколку што заслужуваме.

Се разбира, неспорен е и фактот дека во овој живот, многу пати сме онеправдани од луѓето, или минуваме низ неволји и страдања, но Библијата ни ветува дека сите тие *нешта „Бог ќе ги насочи, да испаднат за добро, за оние кои Го љубат Бога и ја вршат Неговта волја“*.



Еден цар имал многу добар советник, кој бил побожен човек. Тој имал обичај постојано да вели: "Бог се води на добро". Царот многу често ја слушал таа негова изјава, но не можел да ја разбере и да ја прифати.

Еден ден, царот отишол на лов и со него пошол и неговиот советник. Но низ густата шума тие се одделиле од другите и се загубиле. За да биде трагедијата уште поголема, обидувајќи се со големиот нож да го расчисти патот пред себе, царот си го пресекол прстот. Неговиот советник на тоа повторно прокоментирал: „Бог се води на добро“. Царот многу се изнервирал на ваквата изјава, така што го отпуштил советникот од служба и го изгонил.

Советникот си заминал, а царот останал сам во шумата. Набргу потоа, наишле некои домородци, племенски луге, кои го фатиле царот и го врзале. Тие планирале да го жртвуваат царот на нивната божица-Кали. Но токму тогаш, некој од домородците забележал дека на царот му недостасува еден прст и заклучиле дека тој не е совршена жртва за нивната божица и решиле да го пуштат.

Тогаш царот се сетил на зборовите на неговиот советник: "Бог се води на добро" и разбрал дека ако тој не си го беше одсекол прстот, веројатно ке беше жртвуван и убиен.

Откако успеал да се врати во своето царство, решил повторно да го побара својот побожен советнилк. Го вратил повторно во служба и му се извинил што го отпуштил и изгонил, додека биле во шумата. Советникот му рекол:- „нема потреба да ми се извинувате. јас сум благодарен што ме отпуштивте. Ако останев со вас, домородците сигурно ќе ме жртвуваа мене, бидејки мене не ми недостасува еден прст. Ете гледате дека Бог се води на добро“.

Оваа приказна носи голема вистина во себе. И Библијата го поучува истото, нагласувајќи дека е важно и ние да го љубиме Бог и да ја вршиме Неговата волја. Впрочем, неправедно е од наша страна да велиме дека Бог не е добар, пред вистински да Го запознаеме. Тоа е исто како некој да тврди дека некој колач не е вкусен, а воопшто го нема пробано. Токму затоа псалмистот повикува: *„Вкусете и видете колку е добар Господ: блажен е човекот, кој се надева на Него!“ (Псалм 34:8)*

***ЗАПОМНИ: БОГ ДАВА ПОВЕЌЕ ОТКОЛКУ ШТО НИЕ ЗАСЛУЖУВАМЕ!***

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**